МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Презентација од едукативниот престој во Универзитетска Клиника Сарра, Истанбул Турција*

*ЈЗУ Општа Болница Велес*

*Институт за физикална медицина и рехабилитација-поликлиника Esnaf Hastanesi 20-03-2016...01-04-2016*

*Маријан Арсов - физиотерапевт*

*Датум на презентација:*

Клиничкиот центар CAPPA се наоѓа во источниот дел на Истанбул кој во моментот брои 20 милиони жители.

Локацијата на болницата е во областа Аксарај и е во склоп на коплексот универзитетски клиники ЏераПаша-Чапахоспитал.
Зградата е стара околу 188 год.
Во неа годишно поминуваат околу 1.300000 пациенти, има вработено околу 5000 вработени од кој 500 се професори.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Институтот за физикална медицина и рехабилитација се наоѓа во поликлиниката Еснаф Хастанези-амбулантски дел.
Има пет физијатри и пет физиотерапевти. Работното време започнува од 8 до 17 часот.
Тука се прави електротерапија, во два одделни салони. Од електротерапија се користи секаков вид на ТЕНС, ултра звук, фарадска струја.
Потоа имаат просторија за кинезитерапија каде што ги презентираат вежбите и воедно ги едуцираат пациентите за тоа како треба да ги прават вежбите во домашни услови делејќи им флаери.
Исто така користат и парафин.

Секој пациент е ослободен од партиципација. Терапијата се прави максимум 20 до 30 дена.
Секој пациент има право двапати годишно да прави терапија.






**По медицинското испитување и поставување на дијагноза следи утврдување на планот за терапија. Покрај целната физиотерапија се нудат и други концепти терапија. Применетите терапии зависат од возраста и од можностите за работа на пациентот.**

**Сите пациенти се со закажан термин така да на одделот никогаш нема гужва кој термин секој пациент го почитува. Пациентот влегува во кабината за електротерапија и сите процедури ги завршува на едно место со што се поштедува пациентот од чекање за секоја процедура. Додека прима *TENS* пациентот прима топлотна или крио терапија со специјални гел пакувања.**

**По електропроцедурата пациентот оди на вежби. Во зависност од дијагнозата и можноста на пациентот за изведување на вежбите вежба во кинези сала на справи или индивидуално со кинези терапевт.**

**За деца имаат степер за вежбање на кој детето стои а пред него има телевизор и во зависност дали се работи за вежби за рака или нога детето игра тенис или фудбал и низ игра терапеутот работи вежби со него.**













**Hidrocollator-от спаѓа во групата на термотерапија.**

**Под терминот термотерапија се подразбира примена на топлина и разладување во процесот на лекување и оспособување.**

**При примена на топлина односно разладување во тераписки цели се разликуваат два облика:**

1. **термо - терапија ( termos gr.= топол)**
2. **крио – терапија ( krios gr. = ладен).**

***ТЕРМОТЕРАПИЈА*** **се базира врз појавата организмот да ја прима топлината од средината, доколку затопленоста на надворешната средина е поголема ( или енергија која доаѓа од надворешната средина во друга форма ), или да ја предава на околината доколку температурата на телото е поголема од температурата на околината.**

**Секое лечење по пат на топлина е поврзано со пренесување на топлината.**

**Со цел пренесување на топлина на организмот во медицинската практика се служиме со разновидни извори:**

1. **Природни извори на топлина ( сонце, гејзери, топли минерални извори и др.),**
2. **Вештачки извори на топлина:**

**а. Примарни – електрични апарати за затоплување, I.R. лампа, електрични перничиња кои сами даваат толина и сл.**

**б. Секундарни – кои само вршат пренесување на применета топлина на организмот како што се: топла вода, водена пареа, топол воздух, пелоид, парафин, песок и т.н.**

# Hidrocollator









# Апликација на hidrocollator





**Процесот на термотерапија е строго индициран, земајќи ги општите ефекти на организмот до кои можат да доведат. Физиолошки се констатира забрзување на циркулацијата на крвта, што несомнено има поволно дејство кај многи патолошки состојби, при што доаѓа до зголемување на волуменот на крвните садови, зголемување на трансудацијата, како и забрзување и зголемување на количината на линфата.**
**Освен вазодилататорно, термотерапија има и аналгетско дејство во намалување на болките.**
**При потење доаѓа до елиминација на многу состојки како и токсични материи така што се користи при третманите за детоксикација на организмот.**
**Како најблагодарни состојби за третирање со термотераписки процедури се:**

- **постраумататстски состојби,**
- **ревматски заболувања.**

**КРИОТЕРАПИЈА-Како што со топлотните процедури се врши додавање на топлината на телото, со аплицирање на течни, полуцврсти или цврсти материи кои се со пониска температура од телесната, може да се врши одземање на топлината од организмот.**
**На површинските крвни садови разладувањето доведува до вазоконстикција, по што доаѓа до реактивна хиперемија.**
**Локални пакувања во вид на пластични кеси со лед, честа е процедура како во медицинскатата така и во домашната практика. На периферниот нервен систем ладното во поголем степен делува аналгетски и има анталгичен ефект.**
**Кесата со ледот не се аплицира директно на кожата туку се обвиткува во ткаенина како би се дозирало разладувањето. Растопувајки се, ледот врзува одредена количина на топлина од организмот.**
**Криотерапија во последно време има широка примена како аналгетско средство, бидејки дејствува во смисол на прекинување на проводливоста на болните сензации.**
**Поволно дејствува кај посттрауматски состојби (kontuzii и distorzii), каде освен аналгетскиот ефект се постигнува и вазодилататорно дејство на крвните и линфните садови така што ги намалува едемите (отоците) и евентуалните хеморагии (крварења).**
**Ваквата примена на топлината односно разладувањето овозможува, скратување на должината на онеспособеноста и брзо враќање на изгубените функции.**

Со моето едуцирање во Истанбул јас научив и видов многу новитети, запознав нови методи и пристапи кон работата.
Се сретнав со апарати со кои сеуште не работиме и се надевам дека сето ова научено успешно ќе го применувам на одделот на кој работам.

Со должна почит се заблагодарувам на Министерството за Здравство и директорот на ЈЗУ Општа болница Велес за дадената можност за проширување и надоградување на моите знаења и познавања од мојата област и струка.

# Ви благодарам на вниманието

